Агроплод Ресен Agroplod

Quality Managment System ISO 9001
COMPANY WITH HACCP MANAGEMENT SYSTEM CERTIFIED BY DNV
HACCP

A.D. ZA PROIZVODSTVO, PRERABOTKA I PROMET – UVOZ-IZVOZ SO PO –RESEN

Tel.cen. 451-179, 455-760 Faks: 451-708 E-mail: tomep@swisslion.com.mk; www.agroplod.mk EDB: MK4024996101 43

До
Основна Синдикална организација
на вработените во Друштвото
Агроплод АД Ресен
Претседател
Г-дин Ружди Амзовсски

Агроплод АД Ресен за производство, преработка и промет увоз-извоз со П.О
БР 03-190/1
10.07 20 20 ГОД.
РЕСЕН

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Од Агроплод АД Ресен ул. 29 Ноември бр. 6 Ресен , Генерален Извршен Директор Томе Петковски

Во прилог на ова писмено а во врска со објавувањето на понудата и проспектот за преземање Ви ги доставувам следните документи:

1. Мислење од Одборот на Директори на Агроплод АД Ресен во врска со понудата и проспектот за преземање

Можете да доставите и Ваше мислење во врска со понудата и проспектот за преземање согласно чл. 32 од ЗПАД, во рок од 3 дена.

Дата: 10/07/2020 год.
Бр.

Агроплод АД Ресен
Извршен Директор
Томе Петковски

Примил: Претседател Ружди Амзовски

Дата: --/07/2020

*Агроплод АД Ресен за производство преработка и промет со П.О. АД Ресен ембс. 4002024; Tel.cen. 451-179, 455-760, Faks: 451-708 E-mail: tomep@swisslion.com.mk; www.agroplod.mk EDB: MK402499610143*

Врз основа на член 7 и член 32 од Законот за преземање на акционерските друштва (**"ЗПАД"**), Одборот на Директори на друштвото Агроплод АД Ресен (**„Одбор на Директори"**), регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија со ЕМБС 4002024, (**„Агроплод АД Ресен"**), го објавува следното:

# МИСЛЕЊЕ

Од Одборот на Директори на Агроплод АД Ресен

во однос на Понудата за преземање дадена од страна на Свисслион ДОО Скопје (**„Преземач"**) и објавена на 09.07.2020 година во дневниот весник Нова Македонија, за преземање на 8.364 обични акции издадени од друштвото Агроплод АД Ресен (**„Понуда за преземање"**):

1) Став на органот на управување за влијанието од спроведувањето на понудата врз интересите на целното друштво, а особено врз вработените, како и за стратешките планови на преземачот за целното друштво;

(1) Став на Одборот на Директори за влијанието на спроведувањето на Понудата за преземање заработењето на друштвото.

a. Агроплод АД Ресен ќе има дополнителен развој со оглед на влијанието од спроведување на понудата за стратешките интереси на друштвото , и доколку се реализираат предвидените и планирани активности истото ќе допридонесе за подобрување на состојбата и работата на друштвото со зголемување на профитабилноста

b. Сопственичката консолидација ќе придонесе за поголема подршка на проектите за развој на друштвото и позиционирање како најголем производител на свежи овоштија, сокови, храна и овозможување за исполнување на барањата на пазарите со што се очекува и зголемување на продажбата на домашниот пазар и извозот. Задоволување на потребите и на најпребирливите купувачи и задоволување на поголем број на потрошувачи со развој на производи согласно нивните потреби .

c. Спроведувањето на стратегијата и политиките на друштвото кои се темелат на создавање и одржување на атрактивни работни услови, кои на вработените им овозможува професионален развој и исполнување на своите кариерни цели следејќи ги стратешките цели на компанијата ќе придонесе и за кариерен и персонален развој на вработените во друштвото, зголемување на нивната лојалност према друштвото и поголем придонес во работењето на друштвото за остварување на дополнителни финансиски резултати(2) Податоци за постоење на преговори во врска со понудата за преземање помеѓу Свисслион ПИ Скопје и Агроплод АД Ресен

Друштвото Свисслион ДОО Скопје по реализација на јавната понуда за издавање на 5455 обични акции од II емисија на ден 28.04.2020 год, во која Свисслион беше единствен понудувач, стана сопственик на вкупно 68,41% од вкупно издадените акции на друштвото. Со оглед на тоа што Преземачот веќе подолго време е мнозински сопственик на Друштвото, постои редовна комуникација во рамките на редовното работење на Друштвото, особено што Преземачот има свој претставник во редовите на членовите на Одборот на директори.

Покрај оваа редовна комунијација, не постојат конкретни договори или преговори со Преземачот во врска со Понудата за преземање (3) Начинот на кој Преземачот како акционер во друштвото го остварува правото на глас од хартиите од вредност, е во согласност со позитивните законски прописи преку учество на сите Собранија на акционери на друштвото со свои полномошници. Преземачот поседува 18.116обични акции, односно68,41% од вкупно издадените акции на Друштвото..

(4) Изјава на членовите на органот на управување на целното друштво, кои се иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање имаат намера да ја прифатат или отфрлат понудата за преземање и да приложат свое образложение:

Членовите на Одборот на Директори на Агроплод АД Ресен не се иматели на хартии од вредност , освен членот Томе Петковски кој е имател на една акција во друштвото и има намера да ја прифати понудата за преземање.

(5) Образложени податоци за последниот ревидиран годишен извештај со наведување на книговодствената вредност на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање.

Агроплод АД Ресен, Ви го доставува ова Образложение за настанатите значајни промени во тековниот период во однос на истиот период лани.

Финансискиот резултат - добивката за овој периодот 01.01.2019 – 31.12.2019 која изнесува 6.357,00 е намалена во однос на истиот период лани 01.01.2018-31.12.2018 каде добивката изнесуваше 8.5784.683,00,00 денари. Споредбено гледано за горе наведените периоди, ваквото намалување на добивката за овој период во однос на предходниот период произлегува од следните причини:

1. Оперативните приходи се намалени за 4%;

2. Оперативни расходи се зголемени за 19%;

3. Финансиските приходи се намалени за 99%.

4. Финансиските расходи се зголемени за 400%

Од ова произлегува дека зголемувањето на вкупните трошоци е поголемо од зголемувањето на вкупните приходите во однос на лани .

Ова е резултат на зголемениот трошок на суровини и материјали и останати услуги како и трошок на амортизација поради зголемување на овошни насади кои се уште не ја постигнале максималната родност.

Финансиските приходи кои се однесуваат како приход од диовиденда се намалени како резултат на продажбата на уделот од Свисслион Аграр во 2018г.

Финансиските расходи се зголемени по основ на курсни разлики во евидентирање на капиталот и израмнување на состојба со Централен регистар.

На ден 31.12.2019 год. книговодствената вредност на обичните акции издадени од Агроплод АД Ресен изнесува 13.563,00 денари (согласно податоците во ревидираниот финансиски извештај за 2019 година и вкупен број на издадени акции 21025, пред издавање на акции од втората емисија). По овој датум, реализирана е II емисија на 5455 обични акции во вкупна вредност од 73.806.150 ден, со што вкупниот број на издадени акции на целното друштво изнесува 26480

Дата: --/07/2020 год.
Бр.

Одбор на Директори
Претседател
Ристо Новаковски